
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 51	19.02.2025 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, ФЕВРУАРИ 2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година

Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.02.2025 год.

Бр. 09-393/1
19.02.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.„ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ„ бр. 202/24), член 91 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03) и Известувањето од Министерство за финансии, Сектор за буџет и фондови со архивски број: 08-1/548-1-2024 од 29.01.2025 Советот на Општина Јегуновце на педесетипрвата седница одржана на ден 19.02.2025 год. донесе

О Д Л У К А

За изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2025 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2025 година, бр.08-2482/5 од 24.12.2024 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.49/2024) во Преамбулата кај Законот за локална самоуправа по бројот „5/02„ се додава и „Службен весник на РСМ„ бр. 202/24„. Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во заградата по бројот „173/22„ се додава бројот: „170/24„.

Член 2

Во член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи:

„Исплатата на платата за избрани и именувани лица ќе се врши согласно одредбите утврдени во Законот за исплата на плати и други надомесоци на избрани и именувани лица во Република Македонија „.

Член 3

Во членот 16 и член 20 зборовите:„ДО -Градоначалник„ се заменуваат со зборовите: „ЕО-Општинска администрација„

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр. 08-363/3
19.02.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за разрешување и именување на членови на Училишните одбори во основните училишта на територија на Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за разрешување и именување на членови на Училишните одбори во основните училишта на територија на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.02.2025 год.

Бр. 09-393/2
19.02.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ", бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр 202/24), а во согласност со член 106 став 2 од Законот за основното образование(„Сл.весник на РСМ„ бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл.гласник на Општина Јегуновце", бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на педесетипрвата седница одржана на ден 19.02.2025 год., донесе

О Д Л У К А

Одлуката за разрешување и именување на членови на Училишните одбори во основните училишта на територија на Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се разрешуваа и именуваа членови на Училишните одбори во основните училишта: Александар Здравковски с.Јегуновце, Симче Настовски с.Вратница и Шемшово-Шемшово.

Член 2

Од должноста член на Училишниот одбор на ОУ "Александар Здравковски"-Јегуновце, се разрешува:

- Марина Ѓорѓевска с.Раотинце

За член на Училишниот одбор на ОУ "Александар Здравковски"-Јегуновце, се именува:

-Марина Ѓорѓевска с.Раотинце

Член 3

Од должноста член на Училишниот одбор на ОУ "Симче Настоски"-Вратница, се разрешува:

- Жаклина Серафимовска с. Беловиште

За член на Училишниот одбор на ОУ "Симче Настоски"- Вратница, се именува:

-Ивица Савевски с. Беловиште

Член 4

Од должноста члено на Училишниот одбор на ОУ "Шемшово„ -Шемшово, се разрешува:

- Ќемал Емини с.Шемшово

За член на Училишниот одбор на ОУ "Шемшово„ -Шемшово, се именува:

- Ќемал Емини с.Шемшово

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр. 08-363/4
19.02.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с. Рогачево-Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с. Рогачево-Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.02.2025 год.

Бр. 09-393/3
19.02.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесетипрвата седница одржана на ден 19.02.2025 год. донесе,

О Д Л У К А

за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с.Рогачево-Општина Јегуновце

Член 1

Се оваа Одлука од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште се ослободува инвеститорот Општина Јегуновце при реализација на Основен проект за изградба на улица во во с.Рогачево-Општина Јегуновце изработен од ДПГТУ УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ Гостивар.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-363/5
19.02.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с. Беловиште-Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с. Беловиште-Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.02.2025 год.

Бр. 09-393/4
19.02.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесетипрвата седница одржана на ден 19.02.2025 год. донесе,

О Д Л У К А

за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с.Беловиште-Општина Јегуновце

Член 1

Се оваа Одлука од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште се ослободува инвеститорот Општина Јегуновце при реализација на Основен проект за изградба на улица во во с.Беловиште-Општина Јегуновце изработен од ДПГТУ УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ Гостивар.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-363/6
19.02.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на трајно користење, без надомест движна ствар клима уред на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце, објект „Детски свет„ Вратница

Се прогласува Одлуката за давање на трајно користење, без надомест движна ствар клима уред на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце, објект „Детски свет„ Вратница, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.02.2025 год.

Бр. 09-393/5
19.02.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ,, бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ,, бр 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце,, бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесетипрвата седница одржана на ден 19.02.2025 год. донесе,

О Д Л У К А

За давање на трајно користење, без надомест движна ствар клима уред на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце, објект „Детски свет,, Вратница

Член 1

Општина Јегуновце на објект „Детски свет,,-Вратница која што е во склоп на објектот на ООУ „Симче Настовски,, им дава на трајно користење без надомест движна ствар клима уред во количина две (2) марка: Сенсира FTXFD/RXFD 3,5 KW – Инвертер Даикин.

Член 2

Горенаведенава движна ствар претставува помош од УНДП на корисникот за олеснување на проектните активности поврзани со мерката за енергетска ефикасност за училиштата на територија на општина Јегуновце. Правото на трајно користење на движните ствари од член 1 од оваа Одлука се дава без надомест.

Член 3

ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце, објект „Детски свет,, Вратница се обврзува да се однесува совесно и одговорно.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник,, на Општина Јегуновце.

Бр.08-363/7
19.02.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програма за активностите на Општина Јегуновце за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2025 година

Се прогласува Програма за активностите на Општина Јегуновце за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.02.2025 год.

Бр. 09-393/6
19.02.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (*Сл. весник на РСМ* бр.5/02) член 5 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РСМ“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Сл. весник на РСМ “ бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Сл. весник на РСМ “ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РСМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 215/21) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Јегуновце (*Сл. гласник на општина Јегуновце* бр.21/03), Советот на општина Јегуновце на 51-та седница одржана на ден 19.02.2025 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А

за активностите на општина Јегуновце за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2025та година

Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва,општински противпожарен сојуз) кои претставуваат активности од јавен интерес . Според законските одредби , општина Јегуновце во 2025та година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување
- Регионалниот центар за управување со кризи,
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани – екипи ,одделенија),
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Јегуновце,
- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Тетово, со доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.

1.ЦЕЛИ

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди ,пожари во населените места ,во шуми,отворени простори,поплави,сообраќајни несреќи и др.
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето,животната средина,материјалните добра ,природните богатства,животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба ,
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,

- Обезбедување на навремено известување за опасноста,благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,

-Обезбедување на услови и можности за соодветна организација ,опременост и координираност на силите за заштита и спасување,справување со кризи и против пожарна заштита.

2. АКТИВНОСТИ

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма,активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спасување во кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна,навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Јегуновце преку оваа Програма за 2025 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита ,која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Јегуновце и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето , превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината .

3. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето и активностите од областа на заштита и спасување , превенција и справување со кризни појави дејствувањето на Општинскиот противпожаран сојуз, доброволните противпожарни друштва ,Територијалната протипожарна единица (со посебна програма) утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од :

-Средства од буџетот на општина Јегуновце и Републичкиот буџет,

Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации, правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари ,доброволно противпожарно организирање и за друг вид на несреќи .

4. РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

	ПРИХОДИ	
1	Буџет на општина Јегуновце	101.000
2	Сопствени приходи од давање на услуги	/
3	Приходи од други извори,донации ,проекти	/
4	ВКУПНО 1-3	101.000

Б) Противпожарна заштита ,доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина.

	РАСХОДИ	
1	Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици	15.000
2	Набавка на техничка и заштитна опрема	30.000
3	Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата	1.000
4	Набавка на работни униформи за ДПД	10.000
5	За обука договорни услуги	5.000
6	Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности	5.000
7	Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи	10.000
8	Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи	20.000
9	Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината	5.000
10	ВКУПНО 1-9	101.000

5. ДРУГИ ФОРМИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПОБЕЗБЕДНА ОПШТИНА СО ПОДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ ОД ЗАШТИТНО-СПАСУВАЧКА ОРГАНИЗИРАНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА.

- Активностите на ДЗС, ЦУК , Територијалната противпожарна единица, Општинскиот противпожарен сојуз , Доброволните противпожарни друштва, освен со финансиски средства, Советот на општина Јегуновце и градоначалникот на општината ќе помагаат и стимулираат со :
- Учество на градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и општинскиот противпожарен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на Општина Јегуновце и Одделение за правни работи, општи работи и јавни дејности.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од

пожари,инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на општина Јегуновце ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи , давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности .

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства се минорни во буџетот на општината ,а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра од елемнтарните и други несреќи ,кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина Јегуновце

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Јегуновце,,.

Бр.08-363/8
19.02.2025
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 118 став 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр. 161/2019 и 229/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 07.02.2025 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница

1. Деан Трпески се разрешува од функцијата вршител на должност директор на ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница заклучно со 09.02.2025 година., поради истек на мандат за кој беше именуван.

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување вршител на должност директор бр.09-1469/1 од 09.08.2024 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

О б р а з л о ж е н и е

Деан Трпески со Решение на Градоначалникот на Општина Јегуновце бр. 09-1469/1 од 09.08.2024 година беше именуван за вршител на должност директор на ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница, со мандат од 6 (шест) месеци.

На Деан Трпески вршител на должност директор на ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница му престанува функцијата вршител на должност директор заклучно со 09.02.2025 година, поради истекот на мандатот за кој беше именуван и истиот ќе биде распореден на работно место на кое бил распореден пред да биде именуван за вршител на должност директор.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението на Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски. с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02 и член 118 став 1 и 4 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ бр.161/2019 и 229/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 07.02.2025 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување вршител на должност Директор во ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница

Јелена Спасовска родена на 01.06.1985 година во Тетово, со место на живеење во с.Прељубиште ул.101 бр.бб, Јегуновце, со ЕМБГ 0106985475043 со завршено Високо образование-Дипломиран професор по Англиски јазик и литература, вработена на неопределено време во ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница на работно место наставник по Англиски јазик и литература, се именува за вршител на должност директор во ООУ Симче Настовски од с.Вратница.

Вршителот на должноста од точка 1 на ова Решение ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 10.02.2025 година, до именување на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе и мирува.

Ова решение велгува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 10.02.2025 год., а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

О б р а з л о ж е н и е

Од редот на вработените во ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница, Јелена Спасовска вработена на неопределено време на работно место наставник по Англиски јазик и литература, се именува за вршител на должност директор во ООУ Симче Настовски од с.Вратница.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 10.02.2025 година, до именување на нов директор но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе и мирува.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува од 10.02.2025 година.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски. с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 118 став 3 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/2019 и 229/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 13.02.2025 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница

1. Јелена Спасовска родена на 01.06.1985 година во Тетово, со место на живеење во с.Прељубиште ул.101 бр.бб, Јегуновце, со ЕМБГ 0106985475043, се разрешува од функцијата вршител на должност директор на ООУ Симче Настовски од с.Вратница заклучно со 13.02.2025 год., поради поднесена неотповиклива оставка.
2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување вршител на должност директор бр.09-280/1 од 07.02.2025г.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник" на Општина Јегуновце.

О б р а з л о ж е н и е

Јелена Спасовска со Решение на Градоначалникот на Општина Јегуновце бр.09-280/1 од 07.02.2025г., беше именувана за вршител на должност директор на ООУ Симче Настовски од с.Вратница, со мандат од 6 (шест) месеци.

На Јелена Спасовска вршител на должност директор на ООУ Симче Настовски од с.Вратница и престанува функцијата вршител на должностн директор заклучно со 13.02.2025г., поради поднесена неотповиклива оставка и истата ќе биде распоредена на работно место на кое била распоредена пред да биде именувана за вршител на должност директор.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка во работен однос во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски. с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 118 став 1,3 и 4 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/2019 и 229/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 13.02.2025 год., донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување вршител на должност Директор во ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница

1. Деан Трпески вработен на неопределено време во ООУ "Симче Настовски" од с.Вртаница ПУ с.Јажинце на работно место наставник по Македонски јазик во албански паралелки се именува за вршител на должност директор во ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница.
2. Вршителот на должност од точка 1 на ова Решение ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 13.02.2025 год., до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување, а за тој временески период работното место ќе му мирува.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, и ќе се применува од 13.02.2025 год., а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце.

О б р а з л о ж е н и е

Од редот на вработените во ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница ПУ с.Јажинце, Деан Трпески вработен на неопределено време на работно место наставник по Македонски јазик во албански паралелки се именува за вршител на должност директор во ООУ "Симче Настовски" од с.Вратница.

Вршителот на должност директор ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 13.02.2025 год., до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе му мирува.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува Од 13.02.2025 год.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски. с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалнаа самоуправа ("Сл.весник на РМ,, бр.5/02), а согласно член 109 став 4 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр.161/2019, 229/2020 и 3/2025), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 07.02.2025 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување од функцијата директор на
ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово

1. **Бурхан Еџупи** се разрешува од функцијата директор на ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово заклучно со 23.03.2025 год., поради истек на мандат за кој беше именуван.

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување директор бр.09-350/2 од 23.03.2021 г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

О б р а з л о ж е н и е

Бурхан Еџупи со Решение на Градоначалникот на Општина Јегуновце бр.09-350/2 од 23.03.2021 г. беше именуван за директор на ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово со мандат од 4 години.

На Бурхан Еџупи директор на ООУ„Шемшово„ од с.Шемшово му престанува функцијата директор заклучно со 23.03.2025 г., поради истекот на мандатот за кој беше именуван.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 48 од Законот за установите („Сл.весник на РМ„ бр.32/05,120/05 и 51/11), а во согласност со член 115 став 14 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр. 161/2019, 229/2020 и 3/2025), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 07.02.2025 год., донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за именување Директор на
ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово

1. **Бурхан Ејупи** се именува за Директор на ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово.

2. Мандатот на именованиот директор од точка 1 на ова Решение почнува да тече од 24.03.2025 год. и ќе трае 4 години, а за тој временски период работното место наставник по албански јазик во ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово ќе му мирува.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 24.03.2025 год., а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 48 од Законот за установите („Сл.весник на РМ„ бр.32/05, 120/05 и 51/11), а во согласност со член 115 став 14 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ"161/2019, 229/2020 и 3/2025), Градоначалникот на Општина Јегуновце на предлог на Училишниот одбор на ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово бр.0303-29 од 29.01.2025 г., донесе Решение како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година 1

2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 г..... 2

3. Решение за прогласување на Одлука за разрешување и именување на членови на Училишните одбори во основните училишта на територија на Општина Јегуновце..... 3

4. Одлука за разрешување и именување на членови на Училишните одбори во основните училишта на територија на Општина Јегуновце..... 4

5. Решение за прогласување на Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с.Рогачево-Општина Јегуновце..... 5

6. Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с.Рогачево-Општина Јегуновце..... 6

7. Решение за прогласување Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с.Беловиште-Општина Јегуновце..... 7

8. Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Основен проект за изградба на улица во с.Беловиште-Општина Јегуновце..... 8

9. Решение за прогласување на Одлука за давање на трајно користење, без надомест движна ствар клима уред на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце, објект „Детски свет,, Вратница..... 9

10. Одлука за давање на трајно користење, без надомест движна ствар клима уред на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце, објект „Детски свет,, Вратница..... 10

11. Решение за прогласување на Програма за активностите на Општина Јегуновце за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2025 година..... 11

12. Програма за активностите на Општина Јегуновце за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2025 година..... 12

13. Решение за разрешување од функцијата вршител на должност Директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница 16

14. Решение за именување вршител на должност Директор во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница 17

15. Решение за разрешување од функцијата вршител на должност Директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница 18

16. Решение за именување вршител на должност Директор во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница 19

17. Решение за разрешување од функцијата директор на ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово 20

18. Решение за именување Директор на ООУ „Шемшово„ од с.Шемшово 21